**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 40-130/27
Скопје, 17 август 2021 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Деведесет и деветтата седница**
**Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 17 август 2021 година**

**„ТОЧКА 1:** Записник од Четириесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 16 август 2021 година, со Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена и Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 17.8.2021 година

Владата ги разгледа Записникот од Четириесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 16 август 2021 година, со Предлог - одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 17.8.2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, имајќи ги предвид епидемиолошките текови и состојби во државата и зголемувањето на бројот на заболени лица од COVID-19, ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 16 август 2021 година и ги прифати предлозите од истиот со следниве заклучоци:


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

1.1 Учебната 2021/2022 година да отпочне со одржување настава со физичко присуство во основните и средните училишта во Република Северна Македонија. Исклучок од ова ќе бидат одредени категории ученици со хронични болести, ученици кои имаат родители/старатели со хронична болест за кои ќе се овозможи да следат настава од далечина или комбинирано. Можноста за следење настава од далечина или комбинирано може да биде овозможена и во други ситуации поради немедицински причини, по упатено барање на родителот, за кое ќе одлучува училиштето.

Дополнително, согласно епидемиолошките текови и состојби во државата, Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство врз основа на стручни мислења на експертите – епидемиолози од Комисијата, може во текот на учебната година да предлага и дополнителни мерки за текот и организирањето на наставата, согласно сценаријата изготвени од Министерството за образование и наука и соодветните наменски протоколи.

1.2 Се забранува одржување на спортски настани, тренинзи и натпреварувања во спортски објекти од отворен и затворен тип со присуство на гледачи (публика), освен:

- организирање и одржување на пионерски, кадетски и младински спортски натпревари, како и професионални спортски натпревари, без присуство на гледачи (публика), исклучиво по наменски одобрени протоколи и со приложување на медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред одигрување на натпреварот, од страна на клубовите;

- спортски натпревари кои се одржуваат на отворено, со присуство на гледачи (публика) до максимум 30% исполнетост од вкупниот капацитет на спортскиот објект каде што ќе се одржуваат натпреварите, со задолжително почитување на растојанието помеѓу посетителите од 1,5 - 2 метри (на растојание од три седишта) и со доследно применување на мерките за заштита од COVID-19.

Исклучок од оваа наредена мерка од ставот 1 алинеја 1 од оваа точка, е во случај кога учесниците на спортските натпревари (спортисти, членови на стручни штабови на екипите, официјалните лица на спортските федерации и други службени лица), поседуваат и приложат еден од следниве дополнителни два документи:

- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени најмалку две дози на вакцина против заразната болест COVID-19 или


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

- сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

1.3 Се забранува влез во сите објекти, угостителски објекти (кафетерии, ресторани, барови, ноќни клубови-дискотеки), во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензински станици, во казина и обложувалници, во други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, во угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и се забранува влез на настан од секаков друг вид (концерти, семинари, обуки, курсеви, состаноци, работилници, конференции, културни или спортски настани), без разлика на условите, просторните капацитети и бројот на присутни посетители/гости/лица, без поседување и приложување на еден од следниве два документи:

- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примена најмалку прва доза на вакцина против заразната болест COVID-19 и

- сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

Сертификатот/потврдата од ставот 1 алинеи 1 и 2 од оваа точка, не се однесува за лица под 18 годишна возраст.

Оваа наредена мерка од ставот 1 од оваа точка, задолжително се применува и за организација, работа и присуство/учество и на секаков вид на настан на отворен простор.

Исто така, оваа наредена мерка, задолжително се применува и за влез во затворениот дел од моловите на територијата на Република Северна Македонија.

Останува на сила забраната за организација на секаков вид на прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично) во објекти од затворен тип (на затворен простор), а сите други настани и манифестации во затворен простор може да се организираат со исполнетост до 30% од капацитетот на просторот каде што се одржува настанот и со ограничен број на посетители до максимум 1.000 посетители, со задолжителна проверка при влез во објектот за поседување и приложување на еден од задолжителните документи согласно Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од

заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

1.4 Се забранува организација и работа без ангажирање и присуство на редарска служба, која при влез во објектот ќе врши проверка на поседувањето и приложувањето на еден од документите за влез во објекти, капацитети, простории кои даваат услуги кон корисници – угостителски објекти (кафетерии, ресторани, барови, ноќни клубови-дискотеки), во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, во казината и обложувалниците, во други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и при организирање настан од секаков друг вид (концерти, семинари, обуки, курсеви, состаноци, работилници, конференции, културни или спортски настани).

Наредената мерка од став 1 од оваа точка се однесува на оние објекти во кои се присутни повеќе од 30 посетители/гости/лица, како и при влез во затворениот дел од моловите на територијата на Република Северна Македонија.

Исклучок од наредената мерка од став 1 од оваа точка се објектите во кои се присутни помалку од 30 посетители/гости/лица, а проверката на поседување и приложување на еден од документите утврдени во точка 11 став 1 алинеи 1 и 2 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, при влез во објектот, ја врши вработено лице определено од работодавачот.

1.5 Се забранува влез на територијата на Република Северна Македонија на домашни и странски државјани, почнувајќи од 1 септември 2021 година, доколку претходно на граничниот премин не приложат еден од следниве документи:

- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени најмалку две дози на вакцина против заразната болест COVID-19;

- сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето;


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

- медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред влез на територијата на Република Северна Македонија; или

- негативен резултат од брз тест за антиген, направен 48 часа пред влез на територија на Република Северна Македонија

Сертификатот/потврдата од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од оваа точка, не се однесува за лица под 18 годишна возраст.

Државјаните на Република Северна Македонија кои на граничниот премин нема да приложат еден од документите наведени од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4, задолжително се упатуваат во домашна изолација во времетраење од седум дена, за што Државниот санитарен и здравствен инспекторат издава решение.

За сите видови групни или индивидуални патувања или за патници кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија, задолжително потпишуваат Изјава за транзитирање, согласно член 13 став 3 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

1.6 Го разгледа и го прифати Протоколот за превентивни мерки при спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021 година, кој е изменет во делот на датумот на одржувањето на пописот.

Согласно горенаведените заклучоци, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

2. Во точка 13 од Предлог - одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена зборовите „ Исламска Република Авганистан “ да се избришат.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

3. Се задолжува Министерството за здравство, доколку е потребно, да организира лекарски прегледи и за други здравствени состојби за лицата кои ќе бидат прифатени од Исламска Република Авганистан, а имунизацијата (вакцинирањето) на овие лица од вирусот SARS-CoV-2, да биде организирано и спроведено во објектот во кој ќе бидат сместени, откако претходно по пристигнувањето ќе им биде направен RT PCR SARS-CoV-2 тест и по добивање на резултатот од истиот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зекири**

ДОСТАВЕНО И ДО:
- сите државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија
- стопанските комори во Република Северна Македонија
- Инспекциски совет

Подготвил : м-р Марија Арсова
Проверил: Зоран Брњарчевски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Организ. единица | Број | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 40 | 130 | 27 | |

Скопје, 16 август 2021 година

Архивски број: 08-38/27

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 16 август 2021 година**

На 16 август 2021 година (понеделник), со почеток во 9.00 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Четириесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: д-р Артан Груби, заменик на раководителот на Главниот координативен кризен штаб, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, за координација со економските ресори и инвестиции, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Јагода Шахпаска,


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS

министер за труд и социјална политика, Мила Царовска, министер за образование и наука, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, д-р Беким Максути, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Славица Кутиров, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија и Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани, заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и Зоран Петров, Национален координатор за имплементација на националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциска врска преку употреба на интернет комуникација, не учествуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Бљерим Коља҅љи, советник на Претседателот на Република Северна Македонија и Тоше Зафиров, советник на Претседателот на Република Северна Македонија.

* * *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **<u>се утврди следниот Дневниот ред:</u>**

**<u>Точка 1:</u>**

Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS

**Точка 2:**

Прашања и предлози

*  *  *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

*  *  *

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, за реализацијата на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, како и за текот и прогресот на активностите во врска со набавката и пристигнувањето на новите количини на вакцини наменети за имунизација на населението како и за процесот на имунизација во Република Северна Македонија.

Исто така, министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, истакна дека во болниците има значително зголемување на бројот на хоспитализирани пациенти заболени од Коронавирус COVID-19 и зголемување на бројот на позитивни лица од Коронавирус COVID-19, па следствено на истото ќе бидат отворени два нови тријажни центри во Скопје, а направен е распоред по болниците и формирани се екипи од здравствени работници кои соодветно ќе бидат распоредени по ковид центрите низ државата во зависност од потребите на здравствениот систем.

Истовремено, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за прогресот во имунизацијата на населението во Република Северна Македонија, односно информираше дека минатата недела се аплицирани 50.000 дози на вакцини или во просек по околу 8000 дози дневно, со што досега се вакцинирани 35% полнолетни граѓани и 4000 деца на возраст од 12 до 18 години или 586.000 граѓани од кои 481.000 се ревакцинирани, при што истакна дека има доволно вакцини во Република Северна Македонија односно на неделна основа пристигнуваат одредени количини на вакцини а се очекува и донација на од Бугарија и Германија.

Соодветно на ова, имајќи ги предвид моменталните епидемиолошки текови и состојби со Коронавирусот, министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче ги образложи предлозите на Комисијата за заразни болести и тоа:

⇒ За влез во секаков вид на објект, вклучително и во угостителски објекти, каде има повеќе од 30 присутни посетители/гости/лица, за настан од секаков вид (прослава, веселба, свадба, роденден, крштевка, концерт, семинар, обука, работилница, конференција, културен или спортски настан), без поседување и приложување на сертификат/потврда за извршена имунизација/вакцинација од вирусот SARS-CoV-2, најмалку прва доза на вакцина или со потврда за прележан COVID-19, но само по првите 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето;

⇒ Исто така, поседувањето и приложувањето на сертификат/потврда за извршена имунизација/вакцинација од вирусот SARS-CoV-2, најмалку прва доза на вакцина, или потврда за прележан COVID-19, но само по првите 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето да важи и да се применува и при влез во моловите во Република Северна Македонија.

⇒ Сите домашни и странски физички лица, кои влегуваат или излегуваат на територијата на Република Северна Македонија, на граничниот премин задолжително приложуваат еден од следниве три документи: 1) сертификат/потврда за извршена имунизација/вакцинација од вирусот SARS-CoV-2; 2) медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест,

направен 72 часа пред влез или излез од територијата на Република Северна Македонија; или 3) потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето;

⇒ Наставата во учебната 2021/2022 година, да се организира и да започне со физичко присуство, во согласност со соодветните наменски протоколи;

⇒ Дополнително појаснување на наредената мерка во однос на ангажирањето и присуство на задолжителна редарска служба, при влез во затворен и во отворен дел од објекти, капацитети и простории кои даваат услуги кон корисници – угостителски објекти, кафетерии, барови, ноќни клубови (дискотеки), како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, казината и обложувалниците и други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и при организирање настан од секаков друг вид (концерт, семинар, обука, курсеви, состаноци, работилница, конференција, културен или спортски настан), **истата да се применува и да се однесува на само оние објекти кои имаат капацитет да примат повеќе од 30 посетители;**

⇒ Спортистите, кои имаат сертификат/потврда за извршена имунизација/вакцинација од вирусот SARS-CoV-2, или потврда за прележан COVID – 19, да бидат ослободени од обврската за правање на RT PCR SARS-CoV-2 тест 72 часа пред одигрување на натпреварите;

⇒ Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика да испратат допис до детските градинки со кој ќе препорачаат имунизација на стручните соработници во градинките (логопеди, дефектолози, педагози и слично); и

⇒ Сите домашни и странски физички лица кои влегуваат на територијата на Република Северна Македонија, а патуваат (доаѓаат) од Авганистан, да се воведе задолжителен 14 дневен карантин за овие лица, како и да се разгледа можноста за нивна вакцинација.

Министерот за труд и социјална политика, д-р Јагода Шахпаска, информираше дека во институциите за згрижување и воспитување на деца во детските градинки во изминатата недела има нови три вработени позитивни на Коронавирус COVID-19 и едно дете, додека пак во центрите за згрижување на стари лица и дневните центри за лица со попреченост, состојбата е стабилна и минатата недела нема позитивни на Коронавирус COVID-19.

На оваа дискусија се надоврза и Мила Царовска, министер за образование и наука, која информираше дека Министерството за образование и наука е подготвено за трите сценарија за почеток на новата учебна 2021/2022 година, но смета дека многу важно за психофизчкиот развој на децата е следната учебна година да биде со физичко присуство и истата да се одвива согласно наменските протоколи, исклучок од ова може да постои и да се однесува на хронично болни деца или пак деца кои имаат хронично болни родители/старатели.
Исто така, истакна дека 60% од наставниот кадар во образованието е имунизиран.

Министерот за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, ја потенцираше потребата да се воведе мерка со која сите домашни и странски физички лица, при влез или излез од државата да приложуваат сертификат за вакцинација или потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, или негативен PCR тест, направен 72 часа пред влез или излез од државата.

Исто така, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, ја истакна потребата сите институции да преземат активности во насока на поттикнување на вакцинацијата за своите вработени, а доколку е потребно и одредени дејности или состаноци да се извршуваат помеѓу вработени лица кои имаат извршено вакцинација.

Министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, укажа на потребата од задолжително приложување на сертификат за вакцинација или потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена за влез во моловите.

* * *

Согласно доставените материјали, информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:

1. **На наредната седница на Владата, да се заземе став во однос на предлогозите од Комисијата за заразни болести и предлозите изнесени во расправата на овој состанок, односно:**

   ***1.1 За влез во секаков вид на објект, вклучително и во угостителски објекти, каде има повеќе од 30 присутни посетители/гости/лица, за настан од секаков вид (прослава, веселба, свадба, роденден, крштевка, концерт, семинар, обука, работилница, конференција, културен или спортски настан), без поседување и приложување на сертификат/потврда за извршена имунизација/вакцинација од вирусот SARS-CoV-2, најмалку прва доза на вакцина или со потврда за прележан COVID-19, но само по првите 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.***

   ***1.2 Исто така, поседувањето и приложувањето на сертификат/потврда за извршена имунизација/вакцинација од вирусот SARS-CoV-2, најмалку прва доза на вакцина, или потврда за прележан COVID-19, но само по првите 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето да важи и да се применува и при влез во моловите во Република Северна Македонија.***

*1.3 Сите домашни и странски физички лица, кои влегуваат или излегуваат на територијата на Република Северна Македонија, на граничниот премин задолжително приложуваат еден од следниве три документи: 1) сертификат/потврда за извршена имунизација/вакцинација од вирусот SARS-CoV-2; 2) медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред влез или излез од територијата на Република Северна Македонија; или 3) потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.*

*1.4 Наставата во учебната 2021/2022 година, да се организира и да започне со физичко присуство, во согласност со соодветните наменски протоколи.*

*1.5 Дополнително појаснување на наредената мерка во однос на ангажирањето и присуство на задолжителна редарска служба, при влез во затворен и во отворен дел од објекти, капацитети и простории кои даваат услуги кон корисници – угостителски објекти, кафетерии, барови, ноќни клубови (дискотеки), како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, казината и обложувалниците и други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и при организирање настан од секаков друг вид (концерт, семинар, обука, курсеви, состаноци, работилница, конференција, културен или спортски настан), истата да се применува и да се однесува на само оние објекти кои имаат капацитет да примат повеќе од 30 посетители;*

*1.6 Спортистите, кои имаат сертификат/потврда за извршена имунизација/вакцинација од вирусот SARS-CoV-2, или потврда за прележан COVID – 19, да бидат ослободени од обврската за правање на RT PCR SARS-CoV-2 тест 72 часа пред одигрување на натпреварите.*

*1.7 Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика да испратат допис до детските градинки со кој ќе препорачаат имунизација на стручните соработници во градинките (логопеди, дефектолози, педагози и слично) и*

*1.8 Сите домашни и странски физички лица кои влегуваат на територијата на Република Северна Македонија, а патуваат (доаѓаат) од Авганистан, да се воведе задолжителен 14 дневен карантин за овие лица, како и да се разгледа можноста за нивна вакцинација.*

*Дополнително, Владата да заземе став и за периодот на отпочнување на примената и важноста на овие нови предлог на наредени мерки и препораки.*

Соодветно по донесување на новите предлог на наредени мерки од заклучоците под реден број 1.1., 1.2., 1.3., 1.6 и 1.8 соодветно да се измени и дополни Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

2. Министерството за здравство, во соработка со Министерството за образование и наука, доколку оценат за потребно имајќи ги предвид епидемиолошките текови и состојби во државата, до Главниот координативен кризен штаб и Владата да достават предлог во однос на тоа одредени категории на ученици со хронични болести, или пак, ученици кои

**имаат родители/старатели со хронична болест, да следат настава од далечина или комбинирано.**

3. **Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика да испратат допис до детските градинки, со кој ќе препорачаат имунизација на стручните соработници во градинките (логопеди, дефектолози, педагози и слично) имајќи ја предвид нивната работа и движење во различни детски групи во текот на работното време.**

4. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со податоците за констатирани прекршоци за не носење лична заштита на лицето во периодот од 7.00 часот на 28, 29 и 30 јуни; 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 јули; и 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 август 2021 година до 7.00 часот на 29 и 30 јуни; 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 јули; и 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 август 2021 година, доставени од Министерство за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност.**

5. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со дневните извештаи доставени од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 28, 29 и 30 јуни; 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 јули 2021 година; и 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11,12, 13, 14 и 15 август 2021, како и со работните табели: за периодот од 5 јули 2021 година до 11 јули 2021 година, за периодот од 12 јули 2021 година до 18 јули 2021 година, за периодот од 19 јули 2021 година до 25 јули 2021 година, за период од 27 јули до 1 август 2021 година, за периодот од 2 август до 8 август 2021 година и за периодот од 9 август 2021 година до 15 август 2021 година, доставени од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.**


МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS

6. Главниот координативен кризен штаб се информираше со работните табели за периодот од 28 јуни 2021 година до 4 јули 2021 година, за периодот од 5 јули до 11 јули 2021 година и за периодот од 12 јули до 18 јули 2021 година, доставени од Државен инспекторат за труд.

7. Главниот координативен кризен штаб се информираше со работните табели за периодот од 28 јуни 2021 година до 4 јули 2021 година, за периодот од 5 јули до 11 јули 2021 година, за периодот од 12 јули 2021 година до 18 јули 2021 година, за периодот од 19 јули 2021 година до 25 јули 2021 година, за периодот од 26 јули до 1 август 2021 година, за периодот од 2 август 2021 година до 8 август 2021 година и за периодот од 9 август 2021 година до 15 август 2021 година, доставени од Државен пазарен инспекторат.

8. Главниот координативен кризен штаб се информираше со работните табели за периодот од 28 јуни 2021 година до 4 јули 2021 година и за периодот од 5 јули до 11 јули 2021 година, доставени од Државен инспекторат за транспорт.

9. Главниот координативен кризен штаб се информираше со работните табели за периодот од 28 јуни 2021 година до 4 јули 2021 година, за периодот од 5 јули до 11 јули 2021 година, за периодот од 12 јули 2021 година до 18 јули 2021 година, за периодот од 19 јули 2021 година до 25 јули 2021 година, за периодот од 26 јули 2021 година до 1 август 2021 година, за периодот од 2 август до 8 август 2021 година и за периодот од 9 август 2021 година до 15 август 2021 година, доставени од Агенција за храна и ветеринарство.

10. Главниот координативен кризен штаб се информираше со работните табели за периодот од 28 јуни 2021 година до 2 јули 2021 година, за периодот од 5 јули 2021 година до 9 јули 2021 година, за периодот од 12 јули 2021 година до 16 јули 2021 година, за периодот од 19 јули 2021 година до 23 јули 2021 година, за периодот од 26 јули до 30 јули 2021 година, за периодот од 2 август 2021 година до 6 август 2021 година и за периодот од 9 август 2021

година до 13 август 2021 година, доставени од Агенција за лекови и медицински средства.

11. Главниот координативен кризен штаб ја разгледа Иницијативата за online настава во учебната 2021/2022 година, со предлози, доставена од ФБ група за поддршка за онлајн настава и истата ја проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Комисија за заразни болести при Министерство за здравство, со цел доставување одговор по предметната Иницијатива.

    При разгледување на предметната Иницијатива да се земат предвид заклучоците од овој состанок предложени за разгледување и усвојување на наредната седница на Владата, во однос на отпочнување на настава со физичко присуство за наредната учебна 2021/2022 година, како и дополнителниот предлог што Министерството за здравство, во соработка со Министерството за образование и наука, доколку оценат за потребно имајќи ги предвид епидемиолошките текови и состојби во државата, да овозможат одредени категории на ученици со хронични болести, или пак, ученици кои имаат родители/старатели со хронична болест, да следат настава од далечина или комбинирано.

12. Главниот координативен кризен штаб го разгледа Барањето за право на избор за следење на online настава за учебната 2021/2022 година по барање на родител/старател, доставено од ФБ група за поддршка за онлајн настава и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Комисија за заразни болести при Министерство за здравство, со цел доставување одговор по предметното Барање.

    При разгледување на предметното Барање да се земат предвид заклучоците од овој состанок предложени за разгледување и усвојување на наредната

седница на Владата, во однос на отпочнување на настава со физичко присуство за наредната учебна 2021/2022 година, како и дополнителниот предлог што Министерството за здравство, во соработка со Министерството за образование и наука, доколку оценат за потребно имајќи ги предвид епидемиолошките текови и состојби во државата, да овозможат одредени категории на ученици со хронични болести, или пак, ученици кои имаат родители/старатели со хронична болест, да следат настава од далечина или комбинирано.

13. Главниот координативен кризен штаб ја разгледа Информацијата со предлог-мерки за воспоставување и користење софтвер (алатка) со кој сите направени ПЦР тестови во приватни лаборатории и здравствени установи ќе бидат внесувани веднаш во тој систем за да Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство во реално време имаат евиденција на тие лице, доставена под бр.36-175 од 3.8.2021 година од Националниот координативен центар за гранично управување и истата ја проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, Комисијата за заразни болести при Министерство за здравство и Министерство за внатрешни работи, со цел доставување одговор по предметната Информација.

14. Главниот координативен кризен штаб го разгледа Барањето за донесување Одлука со која учесниците во спортските натпревари, спортистите, стручните штабови на екипите и службените лица на натпреварите кои примиле две дози на вакцина и за кои изминал периодот од 14 дена по втора доза, да бидат ослободени од ковид тестирања, доставено од фудбалските клубови од Правта македонска фудбалска лига и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел доставување одговор по предметното Барање.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2009
SGS

При разгледување на предметното Барање, Министерството за здравство да ги земат предвид заклучоците од овој состанок предложени за разгледување и усвојување на наредната седница на Владата, во однос на ново предложената наредена мерка за спортистите кои имаат сертификат/потврда за извршена имунизација/вакцинација од вирусот SARS-CoV-2, или потврда за прележан COVID – 19, да бидат ослободени од обврската за правање на RT PCR SARS-CoV-2 тест 72 часа пред одигрување на натпреварите.

15. Главниот координативен кризен штаб го разгледа Барањето за измена на Одлуката објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр.187 од 9 август 2021 година, доставена под бр.03-16 од 12 август 2021 година доставено од Асоцијација на спортски обложувалници на Македонија – АСОМ – Скопје и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел доставување одговор по предметното Барање.

16. Главниот координативен кризен штаб го разгледа Барањето за појаснување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID – 19, предизвикана од вирусот SARS COV 2, доставено од Група од угостители и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и Министерство за економија, со цел доставување одговор по предметното Барање.

* * *

<u>**По однос на точката 2 од Дневниот ред,**</u> немаше прашања, ниту предлози.

* * *

Горенаведените заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*　　*　　*

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS